# ПОРТФОЛИО - ПРЕДИЗВИК ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

**Соња Величковиќ**
*Висока школа за стручни студии за воспитувачи, Алексинац, Србија*
*svelickovic.sv@gmail.com*

**Лазар Стошиќ**
*Висока школа за стручни студии за воспитувачи, Алексинац, Србија*
*lazarstosic@yahoo.com*

*УДК: 373.2.011.3-051(497.11)*

**Апстракт**

Водењето на педагошката документација вклучува различни начини на евидентирање на запазувањата во воспитно-образовниот процес и процесот на развојот на детето, што води кон процес на професионализација на работата на воспитувачот.

Во овој труд е разгледана можноста за подготовка на индивидуално и групно портфолио како начин на следење на развојот и напредувањето на предучилишното дете, подготовка на професионалното портфолио и е-портфолио како иновациски начин на следење на детскиот и професионалниот развој на воспитувачите, со цел да се осовремени и подигне квалитетот на воспитно-образовната работа во предучилишните организации. Иновациските детски градинки подразбираат и иновациски воспитувачи, така што односот на воспитувачот кон промените е важен сегмент во управување со иновациите во предучилишните организации. Денес, воспитувачот не е само извор на знаење, туку и организатор на работа, мотиватор и иницијатор на детските активности, а тој самиот треба да е мотивиран, одговорен, комуникативен, подготвен и отворен за постојано усовршување и професионално унапредување.

**Клучни зборови:** *портфолио, иновациски воспитувач, професионален развој.*

## Вовед

*„Кој сака да направи нешто - бара начин,*
*а кој не сака ништо да направи - бара оправдување“*

*(Пикасо)*

Промените во областа на науката и техниката во последната деценија на 20 век условија и промени во образовниот систем на сите нивоа од предучилишно до високошколско. Промените во образованието со воведувањето на нови образовни технологии им нудат можност за конструкција на системот на знаењата, при што институцијата и книгата не се единствен извор на знаења. Во таа смисла при изборот на образовно-воспитните содржини пожелно е да се следат општите насоки на развојот на општеството и општествените потреби, како и развојот на поединецот и неговите образовни потреби. Промените во општеството предизвикани од промените во информациските технологии, бараат од воспитувачите да ја осовременат својата работа и да стекнат нови компетенции. Новите компетенции

се однесуваат на информатичките знаења за 21 век, а кои подразбираат воспитувачот да биде способен самостојно да изработува дидактички материјали во електронска форма, почесто да го користи компјутерот како современо средство во реализацијата на програмските содржини со децата во предучилишната возраст, како замена за графоскопот, касетофон, дијапроектор, кинопроектор, епископ и други застарени технички средства и помагала. Соочувајќи се со предизвиците на новото време, во градинките се потребни иновациски воспитувачи кои можат да се справат со предизвиците на информациските технологии. Развојот на информациските вештини и познавањето на комуникациските технологии се основа за развивање вештини за доживотно учење преку различните облици на формалното и неформалното образование. Создавањето на нови улоги и задачи наметнуваат потреба за континуиран професионален развој на воспитувачите, за постојано унапредување на знаењата, вештини, способности и развивање на професионалните компетенции (Величковиќ, 2014). За да може воспитувачот да го користи компјутерот во воспитно-образовната работа со децата од предучилишната возраст, неопходно е да поседува стручни компетенции, кои опфаќаат знаења и способности потребни за употребата на овие технологии во воспитно-образовниот процес и нивна примена. Педагошко-методички компетенции, пак се оние кои му овозможуваат на воспитувачот на соодветен начин да ги употребува новите медиуми и технологии во работата со децата од предучилишната возраст како помагала во воспитно-образовниот процес.

Целта на овој труд е да го насочи вниманието на педагошката јавност кон еден нов пристап на следење и евидентирање на промените во развојот на поединецот. Оваа проблематика се разгледува од аспект на примената на *портфолиото* како еден од модерните постапки и средства во системот на вреднување, по пат на кој се обезбедува и интеграција и интерпретација на промените во целокупниот портрет и развој на поединецот. Станува збор за примена на индивидуално и групно портфолио, како иновациски начин на следење на развојот и напредувањето на предучилишното дете и неговото учење со цел да се осовремени и подигне квалитетот на воспитно-образовната работа во предучилишните организации. Се фаворизира и изработка на професионално портфолио што води кон процес на професионализација на работата на воспитувачот, со посебен осврт на изработка на електронското портфолио како предизвик на новото информациско време во кое денес живееме.

## Портфолио во функција на следење на развојот и напредување на предучилишното детето

Портфолиото како начин на следење и документирање на детскиот развој денес сè повеќе се употребува во воспитно-образовната практика. Портфолио е збирка на групирани и хронолошки средени материјали и информации за децата во воспитната група, создадени заедно со нив, така организирани за да можат да овозможат увид и преглед на учењето и развојот на детето во различни области. Обично се изработува во облик на фасцикла, тетратка или кутија. Според авторките Лидија Мишкељин и Жифка Крњаја портфолиото се разликува од кое било друго работно досие по тоа што претставува збирка на најдобрите трудови кои оној чие е портфолиото, сам ги избира, и по тоа што портфолиото преставува не само место

за чување на трудовите туку и основа за самовреднување на сопствената работа и напредување (Крњаја, Мишкелин, 2006).

Како позитивен начин на вреднување и проценување на детскиот развој, не само што овозможува да се следи развојот на детето, тоа му овозможува на воспитувачот и да ја проценува својата работа, а и други да ја проценуваат неговата работа. Од аспект на воспитувачот, пак, портфолиото претставува начин на самоевалуација и евалуација на програмата и дава насоки за понатамошна работа. Во таа насока авторката Лидија Мишкељин наведува: „портфолиото, како начин на организирање и осмислено собирање на податоци кои даваат увид во педагошкото дејствување на воспитувачот, е фокусирано на квалитет, а не на квантитет и како такво претставува „жив“ документ и добра основа за рефлексија, евалуација и самоевалуација (Мишкељин, 2009:598).

Портфолиото може да содржи: слики, аудио и видеоснимки, цртежи, анегдотски белешки, скала на проценки. Неизоставни се и коментарите од страна на воспитувачот за односот на детето кон другите деца, за неговото однесувањето во конфликтни ситуации... Содржината на портфолиото може да биде и во форма на реченици: Што умеам? Што можам? Што знам? Како се однесувам? Моите другари/ки; Каков/а сум? Што ме интересира?..

Многу елементи кои ја сочинуваат содржината на едно портфолио претставуваат и содржина на разновидните дневници на воспитувачот, албуми, споменари на родителите. Многу семејства, веднаш по раѓањето на своето дете имаат некоја своја верзија на портфолио. Тука внесуваат различни податоци, како што се: слики од децата, прамен од косата при првото стрижење, различни аудио и видеозаписи, белешки за првите зборови, реченици, првите напишани букви, ликовни, спортски и други постигнувања.

Разликата помеѓу портфолиото и албумот, споменарот на родителите или дневникот на воспитувачот, е во тоа што портфолиото дава увид во детскиот развој. Портфолиото во градинката е логичко наставување каде што сликата за развојот и напредувањето на детето уште повеќе треба да се надополни. Самата примена на портфолиото во градинката дава можност и насоки на воспитувачот, а и на родителот, кои можат да влијаат за подобар развој на детето кон оние области каде што му е најпотребно.

Портфолиото како документ на следење на развојот и напредувањето на детето може да се проследи до учителот при приемот на децата/учениците во училиште (Баракоска, Величковиќ, 2013). На тој начин учителот може да има увид во способностите, можностите, интересите или евентуалните тешкотии и проблеми кои се запазуваат кај поедини деца, подобро да го запознае секое дете и да ја усогласи својата работа во согласност со нивните способности, интереси, потреби, што секако е многу битно за поуспешен почеток на децата во училиште, а и запазување на континуитетот меѓу предучилишното и основното образование и воспитание.

Кога станува збор за примената на портфолиото во предучилишното воспитание и образование како иновациски начин на моделирање на воспитно-образовната работа, можеме слободно да кажеме дека се наоѓа на самиот почеток на својот развој. Но, за жал, „сосема е мал бројот на предучилишните организации кои водат документација (портфолија), за евидентирање на процесот на развојот на секое дете“. (Баракоска, Величковиќ, 2013:139).

**Е-портфолио**

Интензивниот развој на информациската технологија во последната деценија на 20 век значајно придонесе на иновирањето на воспитно-образовниот процес и во предучилишното воспитание и образование. Оваа прва алка во образовниот систем треба да стане темел и подготовка за технолошка и медиумска писменост на новите генерации. Во такви околности поединецот ќе биде принуден постојано, во текот на целиот свој живот да се иновира и да ги потврдува своите знаења и да учествува во технолошките промени.Целта на примената на модерната технологија во образованието - предавање на наставниците да ги искористат предностите на сите искуства на ИКТ во секојдневниот образование - образовната работа да се создаде позитивно влијание врз развојот на децата (Стошиќ, 2006).

Електронското портфолио (е-портфолио) е дигитална збирка со документи кои го прикажуваат напредокот, развојот и постигнувањата на поединецот, група или институција. Добро им познато на вработените луѓе, затоа што многу им помага во напредувањето на професионалната кариера. Денес, сè повеќе се препознаваат неговите можности и во образованието. Кратенката **е** во насловот значи употреба на дигиталната технологија при собирање и организирање на содржината на портфолиото. Во образованието е-портфолио може да се користи за евидентирање на ученичките трудови и постигнувањата во текот на образовниот процес, како и за поттикнување на личната рефлексија и размена на идеи. Тоа им овозможува на учениците да ги развиваат комуникациските вештини, креативноста, мултимедијалната и дигиталната писменост. Во последно време, кога сè повеќе се говори за неформалното образование и за значењето на доживотното учење (lifelong learning), софтверите за електронско учење стануваат сè повеќе популарни во светот. Еден од таквите софтвери, чии можности во образованието се уште не се доволно истражени, е секако е-портфолио.

Е-портфолиото како одраз на новата технолошка цивилизација мора да стане дел од секојдневната работа и на воспитувачот и да послужи како значајно средство што може да понуди мошне корисни информации и податоци за развојот и напредувањето на децата и неговата професионална работа. Тоа е еден педагошки предизвик при што воспитувачот често пати си ги поставува прашањата: Што следам? Зошто следам? Што понатаму? Од друга страна, пак, тоа е предизвик за истражување на нови веб-алатки и нивните можности, при што многу често се поставува прашањето: Која веб-алатка да се употреби и зошто?

Е-портфолио е еден чекор повеќе, затоа што дава можност за учење. Тоа веќе не е портфолио за учење и растење, туку преминува во портфолио за растење и учење. (Анѓелковиќ,2010). Централно прашање кое воспитувач треба да си го постави не е само што децата можат, туку што треба децата да работат и учат, што во најголема мера долгорочно придонесува за детскиот развој и учење.

Тоа претставува збирка на мултимедијални материјали кои настануваат при заедничка работа на децата, родителите и воспитувачите, приказ на случувањата и постигнувањата на децата во воспитната група и воопшто во детската градинка. И овој вид портфолио има за цел да го следи и поттикнува детскиот развој. Е-портфолио има три дела, секој дел има свои карактеристики и специфичности, а тоа се: дел наменет за децата; дел наменет за родителите и дел наменет за воспитувачите. Притоа сите учесници во воспитно-образовниот процес можат да имаат одредени

добивки од неговото користење. Клучна улога во дизајнирањето на е-портфолиото ја има воспитувачот.

Секако дека при креирањето на е-портфолио се наидува на безброј дилеми и прашања на кои студиозно треба да се размисли и притоа да се дадат одговори: Како да се сочува приватноста на детето во процесот на создавањето на е-портфолио? Како воспитувачите можат да се изборат со времето и трудот што треба да го вложат при подготовката на портфолиото за секое дете? Кои стандарди да се користат при следењето и документирањето на детскиот развој? Кои инструменти треба да се користат? Постојат ли програми и веб-алатки кои можат во тоа да помогнат? Како воспитувачите кои се занимаваат со развојот на е-портфолио можат да бидат подржани во предучилишната организација? Каква е иднината на е-портфолио во предучилишното воспитание и образование? Одговорите на овие и други прашања можеби ќе одат во прилог на елиминирање на причините кои се наведуваат како спорни за примената на е-портфолио во предучилишното воспитание и образование: недостаток на опрема, средства, обука на воспитувачите, соодветни софтвери кои би се користеле за таа цел на предучилишна возраст. Неопходно е креирање на онлајн-програми за создавање на е-портфолио, кои на едноставен начин можат да ги користат и предучилишните деца. Токму заради тоа е нужно стручно усовршување на воспитувачите на полето на информациската технологија, а на педагошките факултети кои образуваат кадри за работа со деца од предучилишна возраст, во содржините на студиските програми за предметите од областа на информациската технологија би требало да биде застапена проблематиката на изработка на електронското портфолио.

**Заклучок**

Портфолиото е недоволно истражена и прифатена идеја во предучилишното воспитание и образование, со оглед на тоа дека е релативно нова. Портфолиото не е наменето само за предучилишните организации, туку и за сите образовни институции и за сите возрасни категории. Тоа нуди можност да се испитаат границите и предностите на децата и да се надминат границите на предучилишното воспитание и образование. Идејата за портфолиото, а пред сè за е-портфолио треба што повеќе да им се приближи на воспитувачите. Секој воспитувач треба да користи портфолио во својата работа, да го осмисли, испланира и организира и како такво да биде соодветно дидактичко средство во образованието кое може да даде мошне корисни информации и податоци. Примената на портфолиото како автентична колекција на творби на децата и воспитувачот, може да ја унапреди сложената активност на вреднување и самовреднување како одраз на секојдневните активности на децата и воспитувачот во детската градинка.

Со електронско портфолио се занимаваат многу мал број автори и истражувачи. Е-портфолио во развиените земји се покажало како мошне корисно средство во воспитно- образовната работа во детските градинки, увидувајќи ги можностите и предностите и во другите образовни институции. Она што е посебно важно за е-портфолио е да го направи транспарентен процесот на учење и развој на детето, вклучувајќи го детето во неговото создавање. Секако дека за неговата примена во воспитно-образовната практика се потребни креативни, високо мотивирани и образовани воспитувачи кои ќе се справат со експанзијата на образовната

технологија и предизвиците во времето на информациската технологија во кое денес живееме.

Запознавањето на креативниот потенцијал, кој го поседува информацискатa технологија за подигнување на квалитетот на воспитно-образовната работа, претставува мотивирачки фактор кој ги поттикнува воспитувачите да ги прошируваат своите информатички знаења. Фактите и истражувачките резултати (објавени во светот и во нашата земја) кои укажуваат дека воведувањето на информацискатa технологија во предучилишниот воспитно-образовен систем е одговор на потребите и интересите на децата претставуваат еден од решавачките фактори за активно учествување на воспитувачите во процесот на воведувањето на информационата технологија во предучилишниот воспитно-образовен систем. (Анѓелковиќ, 2008).

## Користена литература


1. Анѓелковиќ,Н.(2008):Информациона технологија у предшколском васпитању иобразовању, *Техника и информатика у образовању, ТИО*, Чачак: Технички факултет
2. Andjelković,N.(2008): *Dete i računar u porodici i vrtiću*, Savez informatičara, Beograd: Beoknjiga
3. Баракоска, А; Величковиќ, С. (2013): Значај сарадње вртића и школе на припрему деце за почетак школовања,У *Зборнику радова са осмог симпозиума Васпитач у 21 веку* „*Наше стварање*, стр. 134-145. Алексинац: Висока школа за васпитаче струковнихстудија
4. Величковиќ, С.(2014): Едукација васпитача за примену ИКТ у вртиќу, У *Зборнику радова* *„Утицај Интернета на пословање у Србији и свету„ Синтеза,* стр.375-379,Београд: Универзитет Сингидинум
5. Velickovic,S.(2013): Children'sportfolioworkformonitoringthedevelopmentandpromotion of preschool children) *Инновационный потенциал субъектов образовательного пространства в условиях модернизации образования, Россия*, Ростов-на-Дону), pp.127--
6. Krnjaja, Ž. i Miškeljin, L. (2006). *Od učenja ka podučavanju*. Beograd: AM Grafik
7. Мишкељин. Л. (2009): Портфолио као начин подстицања самовредновања и самовођеног учења у образовању будућих васпитача предшколске деце, *Педагошка стварност,*бр ,5–6, стр. 588–600
8. Stošić, L. (2006): Pripremljenost vaspitača u oblasti tehničkog i informatičkog obrazovanja, ''Tehnologija, informatika i obrazovanje za društvo učenja i znanja'', TIO 06, Tehnički fakultet Čačak